РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 704/15
08. 05. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 28 седница одржана на 24.04.2025 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Италијански јазик и книжевност - Наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) , на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1.Се акредитира студиската програма „Италијански јазик и книжевност - Наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран професор по италијански јазик и книжевност /во меѓународен промет, академски назив: Bachelor of Arts in Italian Language and Literature-Language teaching.
Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 6.01. Јазици и книжевност, 6.05. Други хуманистички науки Научни потполиња, 6.02.01. ЈАЗИК, 6.02.02. КНИЖЕВНОСТ, 6.05.03. КУЛТУРОЛОШКИ СТУДИИ, Научно – истражувачка област: 6.02.01.12. Италијански јазик, 6.02.02.12. Италијанска книжевност, 6.02.01.32. Методика на наставата по јазик, 6.02.02.29. Методика на наставата по книжевност, 6.02.01.28. Општа лингвистика, 6.02.01.29. Применета лингвистика, 6.02.01.30. Компаративна лингвистика, 6.02.02.28. Општа и компаративна книжевност 6.05.03.04. Културологија во книжевноста.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 35 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 0201-943/34 од 27.12.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Италијански јазик и книжевност - Наставна насока", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-683/1 од 17.09.2024 година (наш бр. 08 - 704/1 од 18.09.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 12-та седницата одржана на 27.09.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 704/13 од 28.04.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 28-та седница одржана на 24.04.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марија Туровска